# совет за етика во медиумите на македонија

21.01.2016

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Вангел Андрески за текстот „ВМРО-ДПМНЕ Центар: Расипништвото на СДСМ и Жерновски ги проби и најцрните очекувања на граѓаните“, објавен на ден 22.11.2015 година во 15 часот и 20 минути, на интернет порталот Rsm.mk**

**Ж А Л Б А Т А Е Н Е О С Н О В А Н А**

**Не се прекршени одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 04.12.2015 година, лицето Вангел Андрески поднесе жалба за текстот „ВМРО-ДПМНЕ Центар: Расипништвото на СДСМ и Жерновски ги проби и најцрните очекувања на граѓаните", објавен на ден 22.11.2015 година во 15 часот и 20 минути, на интернет порталот Rsm.mk.

Во жалбата се наведува дека во контекст на објавениот текст изложена е и фотографија од месечната пресметка за наводната плата што ја примил Андрески како месечен надоместок за функцијата што ја извршува – помошник - директор за финансии, стратешко планирање и развој на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар. Во продолжение на жалбата се вели дека, во прилог на самиот текст, објавена е и фотографија од наводна месечна пресметка за плата, преку што се објавени лични податоци на жалителот, што се под режимот на посебна заштита. Жалителот потенцира дека не бил консултиран за конкретните наводи, ниту пак е побарана информација од ЈП Паркинзи за неговите месечни примања. Потоа, тој наведува дека во објавениот текст се констатираат несоодветни термини „коишто се очигледно тенденциозни, малициозни, клеветнички, но и дискриминаторски поради неговата припадност кон одредена политичка партија.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12. од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Радио Слободна Македонија, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави официјален одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е НЕОСНОВАНА.

***

совет за етика во
медиумите на македонија

На седницата на 22.12.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Вангел Андрески и направи увид во наведениот текст.

Комисијата констатираше дека постои јавен интерес поради што и се објавени лични податоци, но притоа заклучи дека е неопходно да се работи на професионален и етички начин при остварувањето на јавниот интерес.

***

Комисијата за жалби најде дека текстот „ВМРО-ДПМНЕ Центар: Расипништвото на СДСМ и Жерновски ги проби и најцрните очекувања на граѓаните“, објавен на ден 22.11.2015 година во 15 часот и 20 минути, на интернет порталот Rsm.mk, е без никаква новинарска интервенција и станува збор за интегрален текст од соопштение до јавноста.

***

Сепак, Комисијата за жалби препорачува, во иднина, во согласност со правилата на професионалното новинарство, медиумот по објавување на соопштение за јавноста да ја консултира и “втората страна”, со што би се пренел и нејзиниот став.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Сефер Тахири.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595